РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1636/2
15-11-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-тата седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1636/1 од 21.05.2024 година, со изразено незадоволство поради недобиена стипендија за студирање, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1636/1 од 21.05.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 21.05.2024 година, поднесена е пријава во која е изразено незадоволство поради недобиена стипендија за студирање, и оформен е предмет број 12-1636/1 од 21.05.2024 година.

Во пријавата подносителот, без да изнесе наводи за коруптивни дејствија и без да посочи конкретни лица и дејствија, наведува дека нема финансиска можност да го продолжи своето образование на Факултетот за ///, и покрај тоа што средното образование го има завршено со одличен успех и примерно поведение во ///. Поради тоа, подносителот бара ДКСК да воспостави комуникација со Факултетот за ///, во насока на тоа да му се овозможи бесплатно студирање.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавеното дејствие не е дело со елементи на корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по што оцени нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk